| **Седмица 1**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Подредување и споредување на броеви до 100 – знаци “<“ и “ >“** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 5 мин. | Да ги препознава знаците “<“ и “ >“. | Ги препознавам знаците “<“ и “ >“. | Наставникот запишува неколку броеви на табла и бара од учениците да ги подредат усно почнувајќи од најмалиот, а потоа од најголемиот.<br>Пр: 7, 10, 3, 15, 36, 31, 27. Кој број е помал од ...? Кој број е поголем од ...? | Индивидуална<br>Заедничка | Табела стотка<br>Бројна оска | Прашање<br>Усни одговори<br>Објаснување |
| 25 мин. | Да подредува броеви до 100; Да споредува два броја користејќи ги знаците „<“ и „>“. | Подередувам броеви до 100. Споредувам два броја користејќи ги знаците “<“ и “ >“. | На табла ги запишува знаците “<“ – ... е помало од ... и “ >“ - ... е поголемо од ...<br>Дава насоки за работа во учебникот втор дел /стр 21.<br>Наставникот ја следи работата и помага доколку има потешкотија во решавањето кај некои ученици. Учениците се подготвуваат за работа и ја решаваат задачата бр.1.<br>Наставникот ја следи работата и помага доколку има потешкотија во решавањето кај некои ученици. На табла наставникот го запишува знакот “=“ - ... е еднакво на ...<br>Дава насоки за работа на задача бр. 2 и бр. 3. | Заедничка<br>Метод на објаснување<br>Индивидуална | Прибор за работа<br>Учебник | Објаснување<br>Набљудување<br>Писмен одговор |
| 10 мин. | Да работи самостојно и да ги извршува зададените задачи. | Работам самостојно и ги извршувам зададените задачи. | Запишување неколку задачи на табла. Учениците ги препишуваат во тетртаките и самостојно ги решаваат задачите. | Индивидуална | Табла | Дискусија |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| На часот сите ученици добија исти задачи. На часот беа застапени индивидуалната и заедничката форма на работа. | | | На часовите учениците беа внимателни и со интерес ги извршија сите зададени активности. Беа успешни во сите задачи. Она што беше планирано учениците го научија. Поставените цели се постигнати. | | Повеќе, помалку, табела 100, бројна оска. | |

obrazovanie.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="3">Седмица 1<br>Датум:</td><td colspan="2">Тема: Број и решавање проблеми<br>Наставна единица: Броиме и групираме по два, пет и по десет предмети до 100</td><td colspan="2">Одделение: II</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Распоред (делови од часот)</td><td rowspan="2">Цели на учење</td><td rowspan="2">Критериуми на успех (очекувани резултати)</td><td colspan="2">Активности</td><td rowspan="2">Ресурси (средства и материјали)</td><td rowspan="2">Доказ за постигнување</td></tr>
<tr><td>Опис</td><td>Организациони форми</td></tr>
<tr><td>5 мин.<br><br>15 мин.<br><br>15 мин.<br><br>5 мин.</td><td>Ги учи и препознава броевите што се добиваат со броење по 2, по 5 и по 10.<br><br>Брои по 2, по 5, по 10 и користи групирање по 2, по 5 и по 10.</td><td>Можам да бројам по 2, по 5 и по 10.<br><br>Можам да групирам по 2, по 5 и по 10.<br><br>Ги знам броевите што се добиваат со броење по 2, 5 и 10.</td><td>Опис на активноста:<br>Воведен дел: Усно броење од страна на учениците за да се повтори она што досега сме го работеле. Броење по 2, по 5 и по 10.<br>Главен дел: Ги делам учениците во групи и им доделувам задолженија. 1 група брои на сметалки - бројалки по 2 и ги запишува добиените броеви во тетратка. 2 група брои со помош на стапчиња и запишува броеви од 5 нанапред до 100 и 3 група брои и пишува броеви од 1 по 10 до 100 нанапред.<br>Завршен дел: Сите три низи со добиени броеви при крајот на часот ги запишуваме на табла. Двете низи кои им недостасуваат, учениците ги препишуваат - допишуваат во својата тетратка.</td><td>З - заедничка работа на цело одделение<br><br>Г - работа во група<br><br>И - индивидуална работа</td><td>Креди во боја<br>Манипулативи<br>Работен лист со табели 100</td><td>Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување<br>Докази/работни листови, изработки и слично.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)</td><td colspan="2">Забелешки / можности за проширување / домашна работа</td><td colspan="2">Клучна терминологија</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td><td colspan="2">Домашна работа: Да вежбаат броење по 2, 5 и 10 (до 100) со помош на предмети и повторно да ги напишат низите по 2, 5, 10 нанапред и наназад во тетратките за домашна работа.</td><td colspan="2"></td></tr>
</table>

obrazovanie.literatura.mk